09-1193/1
16-03-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-1737/1 од 10.06.2025 година оформен против лицето -----, шеф на Кабинет на -----------, СЕ ЗАПИРА.

По констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, спроведена постапка за порамнување и промена на фактичка состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1737/1 од 10.06.2025 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по донесен заклучок на Колегиумот одржан на ден 09.06.2025 година, а во врска со информациите во медиумите против лицето ------, шеф на Кабинет на --------, поради тоа што лицето добивало државни пари од три институции.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија прибираше податоци и документација од релевантни институции, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето ------ било избрано за член на Управниот одбор на ------Скопје од страна на Владата на Република Северна Македонија со Решение бр.14-9110/1 од 17.09.2024 година. На ден 07.10.2024 година на седница од Управниот одбор на --------- со Одлука бр.02-452/1 е избрана за претседател на Управниот одбор на --------- Скопје. Лицето ------ на ден 06.03.2025 година на

седница на Управниот одбор, поднела оставка од вршење на функцијата претседател и член на Управниот одбор на --------- Скопје и било разрешено од должноста член на Управниот одбор – преставник на основач на -------- со Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор – преставник на основач на --------- - Скопје бр.18-3986/1 од 08.04.2025 година од страна на Владата на РСМ.

Понатаму, лицето --------- не било вработено во Министерството за ------, односно било ангажирано со Договор на дело со бр. 04-1804/2 од 30.04.2025 година за вршење работни задачи и определено време до 31.12.2025 година во Кабинетот на министерот за животна средина и просторно планирање.

Исто така, горенаведеното лице било назначено од страна на Министерството за -------со Решение за формирање стручна комисија од областа на музиката и музичко-сценска дејност за 2025 година со бр.53-10001/1 од 14.11.2024 година и било назначено за член на стручна комисија од областа на меѓународна соработка за 2025 година со Решение за формирање стручна комисија од областа на меѓународна соработка со бр.53-10163/1 од 15.11.2024 година. Лицето --------- ја извршувало функцијата член на Управниот одбор на --------- Скопје, именувано со Решение за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Националната установа ------- – Скопје со бр.44-2085/2 од 03.03.2021 година, истото лице било разрешено со Решение за разрешување на членови на -------- – Скопје со број. 44-9423/2 од 01.11.2023 година.

Во врска со наведеното Државната комисија согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапка за порамнување против лицето ------- по што на Записник со бр. 09-1737/10 од 28.10.2025 година констатира прекршок на член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-1737/11 од 28.10.2025 година, поради тоа што лицето не поднело Изјава за имотна состојба и интереси по именување на функцијата член на Управниот одбор на -------Скопје.
Исто така, Државната комисија согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапка за порамнување против лицето ---- по што на Записник со бр. 09-1737/12 од 28.10.2025 година констатира прекршок на член 82 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-1737/13 од 28.10.2025 година, поради тоа што лицето не поднело Изјава за имотна состојба и интереси по престанок на функцијата член на Управниот одбор ------ – Скопје.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапка за порамнување против лицето ------ по што на Записник со бр. 09-1737/14 од 28.10.2025 година констатира прекршок на член 82 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-1737/15 од 28.10.2025 година, поради тоа што лицето не поднело Изјава за имотна состојба и интереси по престанок на функцијата член на Управниот одбор на -------- Скопје.

По понудената постапка за порамнување, именуваната изврши уплата на половина од предвидената глоба во законски предвидениот рок за трите прекршочни налози на глоба во износ од 27.585,00 денари, видно од Извод на промет и состојба на сметка.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија констатира дека лицето ---- не ги извршува повеќе функциите член на Управниот одбор на --------Скопје и член на Управниот одбор на ------ – Скопје, односно истото лице е ангажирано со Договор на дело со бр. 04-1804/2 од 30.04.2025 година за вршење работни задачи и определено време до 31.12.2025 година во Кабинетот на министерот --------, по што нема прекршување на одредбите од член 44 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: М.М. – соработник
Конторлирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., - член на ДКСК

